Врз основа на член 64, став 3 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр5/02), а во врска со Одлуката за давање под закуп на рекламен простор на надземниот премин „Влајко“ бр.09-7254/15 од 10.11.2023 година донесена од Советот на општината и Решението за формирање Комисија за спроведување постапка за избор на најповолен понудувач - закупувач на рекламниот простор на надземниот премин „Влајко“ бр.25-7793/12 од 14.12.2023 година (Службен гласник на Општина Карпош" бр.14/2023), Градоначалникот на Општина Карпош распишува

## ЈАВЕН ОГЛАС

**за спроведување постапка за доделување Договор за закуп на рекламниот простор на надземниот премин „Влајко“**

### ДОГОВОРЕН ОРГАН - ЗАКУПОДАВАЧ

Назив на Закуподавачот - ОПШТИНА КАРПОШ
Адреса на закуподавачот - ул.„Радика“ бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Град - Скопје
Поштенски код – 1020 Скопје Карпош
Лице за контакт - Никола Таневски
Телефон – 02/3055-901
Е-пошта – nikola.tanevski@karpos.gov.mk
Интернет адреса - https://karpos.gov.mk/

### ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Предмет на договорот е издавање под закуп на рекламен простор, на надземниот премин „Влајко“, во населба Влае 2, што се наоѓа на КП бр.7640, КО Ѓорче Петров 4-Влае, запишано во имотен лист бр.100797, сопственост на Општина Карпош.
Рекламниот простор од предметната недвижност од член 1 од оваа одлука, се простира долж надвозникот, со вкупен број од 2 (две) поставени паноа со димензии од 8x3 метри изложени по еден од западната и еден од источната страна на надвозникот.

### НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ

Рекламниот простор се издава под закуп по пат на јавен оглас со прибирање на писмени понуди.
За најповолен понудувач ќе биде избран понудувачот кој покрај предвидените услови во огласот, понудил и највисока цена за закуп на рекламниот простор.

## ПЕРИОД ЗА КОЈ СЕ ИЗДАВА ПРОСТОРОТ

- рекламниот простор се издава под закуп за период од 4 (четири) години.

## МИНИМАЛЕН ИЗНОС ЗА ЗАКУП НА РЕКЛАМНИОТ ПРОСТОР

- Минимален износ за закуп на рекламниот простор, кој не може да изнесува помалку од 120.000,00 денари, за времетраење од 1 (една) година.

## СОДРЖИНА И ПРИЛОЗИ НА ПОНУДИТЕ

Понудите покрај понудената цена за закуп на годишно ниво треба да бидат придружени со:

- Документ за регистрирана дејност како предметот на овој јавен оглас, т.е. за рекламирање и маркетинг активности и тоа во период од најмалку 12 месеци пред објавувањето на овој оглас.

-Потврди за успешно реализирани најмалку 3 (три)-договори за рекламирање, издадени од субјектите за кого е извршена таа услуга, од кои најмалку едната треба да биде од договорен орган.

## НАЧИН И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПОНУДИТЕ

- Понудите за издавање под закуп на рекламен простор се доставуваат најдоцна до 16.08.2024 година во Архивата на Општина Карпош (барака 2), најдоцна до 12.00 часот или преку пошта на адреса: ул.„Радика“ бр.9 – Скопје (во предвид ќе се земат само понудите што ќе пристигнат во дадениот рок).
- Понудите со сите пропратни документи треба да бидат затворени во плик со назнака: “ За јавен оглас за закуп на рекламниот простор на надземниот премин „Влајко“.

## ДЕПОЗИТ

Депозитот претставува гаранција за учество во јавниот оглас и изнесува 20% од минималниот износ за годишен закуп на рекламниот простор.

Уплатениот депозит во целост им се враќа на учесниците кои што нема да бидат избрани за најповолен понудувач, во рок од 15 дена од денот одреден како краен рок за поднесување на понудите.

Депозитот на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума согласно понудата.

Депозитот се уплаќа на трезорската сметка 100000000063095, сметка на Општина Карпош 779014115763010, приходна шифра 725939, програма 00, банка на примачот НБРСМ.

ПРИБЛИЖНА ПОЗИЦИЈА НА ПОВРШИНАТА ЗА РЕКЛАМИРАЊЕ







КОМИСИЈА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА
ЗА
ИЗБОР НА НАЈПОВОЛЕН ПОНУДУВАЧ ЗА
ЗАКУПУВАЧ НА РЕКЛАМЕН ПРОСТОР НА
НАДЗЕМНИОТ ПРЕМИН „ВЛАЈКО“
ОПШТИНА КАРПОШ